РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-486/6
11.06.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 26 седница одржана на 30.05.2019 година, донесе

Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола

| Примено | 18.06.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 358/1 | | |

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 17.06.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | -860/1 | | |

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма Информатички науки и компјутерско инженерство трет циклус студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитира студиската програма **Информатички науки и компјутерско инженерство трет циклус студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Доктор по компјутерски науки и инженерство**
Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 110, 212
Научно – истражувачко област: 11000 - 11010, 21201 - 21208.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Факултет за информатички и комуникациски технологии Битола, за усвојување на трет циклус студиските програми „Информатички науки и компјутерско инженерство", на 28.12.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 21 седница, одржана на 17.01.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 26 седница одржана на 30.05.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски